**20261722723**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МЕЃУНАРОДНА И ПРИВРЕМЕНА ЗАШТИТА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за меѓународна и привремена заштита,,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 21 јули 2026 година.

Бр. 08-4820/1
21 јули 2026 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МЕЃУНАРОДНА И ПРИВРЕМЕНА ЗАШТИТА

Член 1

Во Законот за меѓународна и привремена заштита (*) („Службен весник на Република Македонија“ број 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 45/25), во член 82 во ставот (3) точката на крајот од втората реченица се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „освен доколку Владата донесе одлука за случај во кој Советот на Европската Унија утврдил постоење на масовен прилив на лица.“.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.